**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
Бр. 05-2542/1
05.11.2020 2020 година
Скопје

Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки („Службен весник на РМ“ бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишен план за јавни набавки бр. 05-13/3 од 05.10.2020 година, Министерот за правда м-р Бојан Маричиќ ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за јавна набавка**

1.1. За потребите на Министерство за правда, потребно е да се спроведе поедноставена отворена постапка за јавна набавка на услуги и тоа: набавка на преведувачки услуги за требите на Министерство за правда.

1.1.Предмет (вид) на набавка: Набавка на преведувачки услуги за потребите на Министерство за правда.

1.2. Предметот на набавката е неделив од причина што е поцелисходно набавката од ист вид да биде извршена од еден економски оператор заради економичност при постапувањето и при реализација на договорот.

2. За реализација на набавката од точка 1 од оваа Одлука обезбедени се средства потребни за обезбедување на јавната набавка со проценета вредност во износ од 3.500.000,00 денари, без ДДВ и ДДВ 18% во износ од 630.000,00 денари или во вкупна вредност со ДДВ 4.130.000,00 денари. Средствата се обезбедени од Буџетот на министерството за правда за 2020/2021 година. Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерство за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 425, средства предвидени во буџетот на Министерство за правда за 2020 година.
Проценетата вредност на оваа набавка односно износот кој ќе се искористи за оваа набавка и ќе се склучи договор ќе изнесува 2.200.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од 396.000,00 денари односно 2.596.000,00 со вклучен ДДВ. Износот од 3.500.000,00 денари без ДДВ односно 4.130.000,00 денари со вклучен ДДВ е збир на двете постапки кои се спроведуваат во иста година , а по дообезбедување на средства кои беа неопходни за да се спроведе нова постапка со оглед на итноста на постапката, а во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки.

*3. Јавната набавка од точка 1 на оваа одлука, ќе се спроведе согласно член 49 од Законот за јавна набавка, односно со спроведување на поедноставена отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги - Набавка на преведувачки услуги за потребите на Министерство за правда, со објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка, која ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), со спроведување на електронска аукција (Е-аукција) и да заврши со електронска аукција согласно Законот за јавни набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019) како последна фаза.*

*4. Критериум за избор на најповолен понудувач, согласно член 99 е економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена понудена по спроведување електронска аукција преку ЕСЈН.*

*5. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на услуги.*
*6. Плаќањето ќе биде вирмански, по извршување на услугата која е предмет на набавка во законски утврдениот рок од денот на приемот на фактурата во архивата на Министерство за правда.*

*7.За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира комисија за јавна набавка во состав:*

| |
|---|
| *1. Петар Мирковиќ - **претседател на комисија за јавни набавки*** |
| *2. Гордана Милевска –**член на комисија за јавни набавки*** |
| *3. Вљора Јусуфи - **член на комисија за јавни набавки*** |

| |
|---|
| *4. Ацо Живковски - **заменик претседател на комисија за јавни набавки*** |
| *5. Абдула Мавмути – заменик член на комисија за јавни набавки* |
| *6. Фазиле Ајрулаху Зекири – заменик член на комисија за јавни набавки* |

*8.Се задолжува комисијата од точка 7 од оваа одлука во целост да ја спроведе и реализира постапката за јавна набавка со додавање на договор за јавна набавка согласно одредбите од Законот за јавни набавки набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.).*

*9.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.*

## *ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

*Со цел реализација на Годишниот план за јавни набавки за 2020 година број 05-13/3 од 05.10.2020 година Министерството за правда има планирано, согласно член 75 од Законот за јавни набавки спроведување на поедноставена отворена постапка - за доделување на договор за јавна набавка на услуги – набавка на преведувачки услуги за потребите на Министерство за правда.*

*Министерството за правда веќе има спроведе постапка за набавка на преведувачки услуги во 2020 година и има склучено Договор со определен економски оператор број 05-17/3 кој договор е со износ од 1.534.000,00 денари со вклучен ДДВ.*

*Наведениот договор односно износот на истиот е реализиран во целост, пред истекот од една година. Со оглед да во договорот стои дека истиот е со важност од една година или до целосна реализација на договорот, а потребата од набавката на преведувачки услуги е неопходна, поради голем број на итни предмети од меѓународна правна помош, Министерство за правда спроведува нова постапка за набавка на преведувачки услуги.*

*Имено проценетата вредност на оваа набавка односно износот кој ќе се искористи за оваа набавка и ќе се склучи договор ќе изнесува 2.200.000,00 денари без вклучен ДДВ, ДДВ во износ од 396.000,00 денари односно 2.596.000,00 со вклучен ДДВ.*

*Износот од 3.500.000,00 денари без ДДВ односно 4.130.000,00 денари со вклучен ДДВ е збир на двете постапки кои се спроведуваат во иста година, а се во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки.*

*Доставено до:*

- *Комисија за јавни набавки*
- *Сектор за финансиски прашања*

***МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА***
**м-р Бојан Маричиќ**

Подготвила: Марина Миновска Советник за јавни набавки
Одобрила: Убавка Матевска Раководител на сектор за општи работи